НАЦИОНАЛНА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА НА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
NATIONAL SWIMMING FEDERATION NORTH MACEDONIA

НАЦИОНАЛНА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр 95/2022
19.10. 2022 год.

Врз основа на член 13 од Правилникот за репрезентативен статус на пливачи и тренери, членовите 14 и 15 од Статутот на НАЦИОНАЛНАТА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА на Северна Македонија и Законот за спорт, Управниот одбор на НАЦИОНАЛНАТА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА на Северна Македонија на седницата одржана на 18.10.2022 во Скопје ја донесе следнава:

# Одлука за суспензија

На тренерот **Иван Банов** од ПК Скопје му се изрекува мерка суспензија-дисквалификација од понатамошни активности во НАЦИОНАЛНАТА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА на Северна Македонија во период од 2 години.

## Образложение

Тренерот Иван Банов на социјалните мрежи во периодот од мај 2022 година постојано го нарушува угледот на НАЦИОНАЛНАТА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА на Северна Македонија со презентирање на невистинити факти и изјави за состојбата во пливањето, за пливачи од други клубови како и за начинот на достигнување на резултати од нивна страна со дискредитација на нивниот углед во јавноста.

**Доказ:**
1. Принт скрин од ФБ пбјава на Иван Банов

На 15 јули 2022 година од страна на ПК Орион до НАЦИОНАЛНАТА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА на Северна Македонија има поднесно преставка во поглед на навредливото и недолично однсување на пливач од клубот ПК Скопје, но и несоодветното и неспортско однесување на тренерот Иван Банов при вербални навреди од страна пливач од неговиот клуб кон пливачи пд клубот ПК Орион.

**Доказ:**
2. Преставка на ПК Орион од 15.07.2022 година

Имено согласно член 15 од Статутот на Националната пливачка федерација на Северна Македонија "Непочитување на Статутот на и другите нормативни акти на на НПФ,како и одлуките на органите на НПФ и нарушување на угледот на НПФ и пливачките спортови"

Имено согласно член 13 од Правилникот за репрезентативен статус на пливачи и тренери како дисциплинска мерка се предвидува и дискфалификација од понатамошни активности во НАЦИОНАЛНАТА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА на Северна Македонија.

Несоодветното, неетичко и навредливо однесување на тренерот Иван Банов предизвикува штета и нарушен углед за НАЦИОНАЛНАТА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА на Северна Македонија.

Врз основа на сето погоренаведено, Управниот одбор на НАЦИОНАЛНАТА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА на Северна Македонија на својата седница одржана на 18.10.2022 донесе одлука тренерот Иван Банов да се дисквалификува од понатамошни

активности во НАЦИОНАЛНАТА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА на Северна Македонија за период од 2 години

Ова одлука стапува на сила на денот на нејзиното носење.

Скопје, 18.10.2022 година

НАЦИОНАЛНА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Горан Стојановски
Претседател на Национална пливачка федерација на Северна Македонија